МК

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА**

Врз основа на чл.5 од Правилникот за остварување, чување и одржување на националните еталони и условите за признавање на референтните еталони за национални еталони (“Службен весник на Република Македонија“, бр.28/09), директорот на Бирото за метрологија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За признавање на национален еталон за мерната единица за зафатнински проток**

1. Референтниот еталон за мерната единица за зафатнински проток – мерен систем тип OT1500 број 05418,. произведен од TrigasFi GmbH, Германија со мерен опсег од 1,5 до 1500 *L/min* во лабораторијата за зафатнина и проток на Бирото за метрологија, се признава за национален, како еталон за единицата за проток со најмала неодреденост.
2. Бирото за метрологија ќе се ја обезбедува следливоста на националниот еталон за зафатнински проток до меѓународните еталони.
3. Лабораторијата за зафатнина и проток на Бирото за метрологија ќе се грижи за одржување и зачувување на неговите карактеристики.
4. Лабораторијата за зафатнина и проток на Бирото за метрологија должна е да ја десеминира вредноста на мерната единица за зафатнински проток националниот еталон преку процедурите за калибрација на пониските хиерархиски нивоа во Република Македонија.
5. Лабораторијата за зафатнина и проток на Бирото за метрологија ќе се грижи за својата компетентност да располага со националниот еталон преку интеркомпарации и спазување на воведените процедури од стандардот МКС ISO/IEC 17025.
6. Националниот еталон за проток ќе се обезбедува од Бирото за метрологија во согласност со националните потреби и неговите можности за потребите на економично работење на метролошкиот систем на земјата.
7. Референтен документ е одобрениот елаборат за признавање на националниот еталон за мерната единица за зафатнински проток под бр. 0302-2054/3 од 11.05.2009.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Метролошкиот совет на Бирото за метрологија прими барање од Бирото за метрологија во постапка на признавање на национален еталон за проток, да даде мислење за елаборатот за признавање на националниот еталон за зафатнински проток. Метролошкиот совет формира стручно тело за оценка на приоритетите и потребата за остварување на национален еталон за мерна единица за зафатнински проток и единица за маса, кое го разгледа доставениот елаборат и поднесе до советот мислење за оценка на приоритетите и потребата за остварување на национален еталон за зафатнински проток. Советот на својата 36 седница од 29.05.2009 го разгледа и одобри позитивното мислење по елаборатот на своето стручно тело и го достави до Бирото за метрологија.

Директор

Парнарџиев Димитар

Д.Парнарџиев

Република Македонија Министерство за економија Биро за метрологија Скопје

Бр 0302-2054/5.:
Дата: 22.06.2009

бул. Јане Сандански ... 1000 Скопје
тел. 02/ 2 403 676 тел./факс ... 677
www.bom.gov.mk